РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА Г.П. 1.12 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА ОД УПВНМ ЌОЛЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА 2 ВО КО ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2386 од 2022г., за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА Г.П. 1.12 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА ОД УПВНМ ЌОЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА 2 ВО КО ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **У-54/22** од 06.2023 год. изработен од **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип,** поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА Г.П. 1.12 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА ОД УПВНМ ЌОЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА 2 ВО КО ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со техн. број У-54/22 од 06.2023.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1455/3
01.08 2023 год.
ПЕТРОВЕЦ

6.Податоци информации и мислења од релевантни институции

7.Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. У-54/22 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1445/2 од 29.06.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**